BOSCH

# Professional

## GOF 20-12



**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**

**1 609 92A A52** (2026.03) O / 19

1 609 92A A52

**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски........................................ Страница 7




(16)
(15)
(14)
(13)
(12)
(11)
(10)
(9)
(8)
(7)
(1)
(2)
(3)
(4)
(5)
(6)


(20)
(19)
(4)
(18)
(17)


(1)
(11)


A
(2)
(21)
(18)
(22)
(21)
(18)
(22)


B
(25)
(24)
(23)


C
(24)
(27)
(26)
(25)


D
(3)


E
(16)
(12)
(14)
(13)
(10)
(9)
(8)


F
(18)


G


H
(28)
(29)
(31)
(30)
(32)
(4)
(33)


I
(28)
(32)


J
(42)
(29)


K
(34)
(35)


L
(34) (36)
(37)


M
(37)
(6)


N
(39)(40)
(6)
(38)


O
(41)


P
(24)
(41)


Q
Festool
Bosch
Mafell

# Македонски

## Безбедносни напомени

### Општи предупредувања за безбедност за електрични алати

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Прочитајте ги сите безбедносни предупредувања, илустрации и спецификации приложени со овој електричен алат.** Непридржувањето до сите упатства приложени подолу може да доведе до струен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Зачувајте ги безбедносните предупредувања и упатства за користење и за во иднина.**

Поимот „електричен алат" во безбедносните предупредувања се однесува на електрични апарати што користат струја (кабелски) или апарати што користат батерии (акумулаторски).

**Безбедност на работниот простор**

- ▶ **Работниот простор одржувајте го чист и добро осветлен.** Преполни или темни простории може да доведат до несреќа.
- ▶ **Не работете со електричните алати во експлозивна околина, како на пример, во присуство на запаливи течности, гасови или прашина.** Електричните алати создаваат искри коишто може да ја запалат прашината или гасовите.
- ▶ **Држете ги децата и присутните подалеку додека работите со електричен алат.** Невниманието може да предизвика да изгубите контрола.

**Електрична безбедност**

- ▶ **Приклучокот на електричниот алат мора да одговара на приклучницата. Никогаш не го менувајте приклучокот. Не користите приклучни адаптери со заземјените електрични алати.** Неизменетите приклучоци и соодветните приклучници го намалуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **Избегнувајте телесен контакт со заземјени површини, како на пример, цевки, радијатори, метални ланци и ладилници.** Постои зголемен ризик од струен удар ако вашето тело е заземјено.
- ▶ **Не ги изложувајте електричните алати на дожд или влажни услови.** Ако влезе вода во електричниот алат, ќе се зголеми ризикот од струен удар.
- ▶ **Не постапувајте несоодветно со кабелот. Никогаш не го користете кабелот за носење, влечење или исклучување од струја на електричниот алат. Кабелот чувајте го подалеку од оган, масло, остри ивици или подвижни делови.** Оштетени или заплеткани кабли го зголемуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **При работа со електричен алат на отворено, користете продолжен кабел соодветен за надворешна употреба.** Користењето на кабел соодветен за надворешна употреба го намалува ризикот од струен удар.
- ▶ **Ако мора да работите со електричен алат на влажно место, користете заштитен уред за диференцијална струја (RCD).** Користењето на RCD го намалува ризикот од струен удар.

**Лична безбедност**

- ▶ **Бидете внимателни, внимавајте како работите и работете разумно со електричен алат. Не користете електричен алат ако сте уморни или под дејство на droги, алкохол или лекови.** Еден момент на невнимание додека работите со електричните алати може да доведе до сериозна лична повреда.
- ▶ **Користете лична заштитна опрема. Секогаш носете заштита за очи.** Заштитната опрема, како на пр., маска за прашина, безбедносни чевли коишто не се лизгаат, шлем или заштита за уши, коишто се користат за соодветни услови, ќе доведат до намалување на лични повреди.
- ▶ **Спречете ненамерно активирање. Проверете дали прекинувачот е исклучен пред да го вклучите во струја и/или со сетот на батерии, пред да го земете или носите алатот.** Носење на електричните алати со прстот позициониран на прекинувачот или вклучување во струја на електричните алати чијшто прекинувачот е вклучен, може да предизвика несреќа.
- ▶ **Отстранете каков било клуч за регулирање или француски клуч пред да го вклучите електричниот алат.** Француски клуч или клуч прикачен за ротирачкиот дел на електричниот алат може да доведе до лична повреда.
- ▶ **Не ги пречекорувајте ограничувањата. Постојано одржувајте соодветна положба и рамнотежа.** Ова овозможува подобра контрола на електричниот алат во непредвидливи ситуации.
- ▶ **Облечете се соодветно. Не носете широка облека и накит. Косата и алиштата треба да бидат подалеку од подвижните делови.** Широката облека, накитот или долгата коса може да се закачат за подвижните делови.
- ▶ **Ако се користат поврзани уреди за вадење прашина и собирање предмети, проверете дали се правилно поврзани и користени.** Собирањето прашина може да ги намали опасностите предизвикани од неа.
- ▶ **Не дозволувајте искуството стекнато со честа употреба на алатите да ве направи спокојни и да ги игнорирате безбедносните принципи при нивното користење.** Невнимателно движење може да предизвика сериозна повреда во дел од секунда.

**Употреба и чување на електричните алати**

- ▶ **Не го преоптоварувајте електричниот алат. Користете соодветен електричен алат за намената.** Со соодветниот електричен алат подобро, побезбедно и побрзо ќе ја извршите работата за која е наменет.

- **Не користете електричен алат ако не можете да го вклучите и исклучите со помош на прекинувачот.** Секој електричен алат којшто не може да се контролира со прекинувачот е опасен и мора да се поправи.
- **Исклучете го електричниот алат од струја и/или извадете го сетот на батерии, ако се вади, пред да правите некакви прилагодувања, менувате дополнителна опрема или го складирате електричниот алат.** Со овие превентивни безбедносни мерки се намалува ризикот од случајно вклучување на електричниот алат.
- **Чувајте ги електричните алати подалеку од дофат на деца и не дозволувајте лицата кои не ракувале со електричниот алат или не се запознаени со ова упатство да работат со истиот.** Електричните алати се опасни во рацете на необучени корисници.
- **Одржување на електрични алати и дополнителна опрема. Проверете го порамнувањето или прицврстување на подвижните делови, спојот на деловите и сите други услови што може негативно да влијаат врз функционирањето на електричниот алат. Ако е оштетен, однесете го електричниот алат на поправка пред да го користите.** Многу несреќи се предизвикани заради несоодветно одржување на електричните алати.
- **Острете и чистете ги алатите за сечење.** Соодветно одржуваните ивици на алатите за сечење помалку се виткаат и полесно се контролираат.
- **Електричниот алат, дополнителната опрема, деловите и др., користете ги во согласност со ова упатство, внимавајте на работните услови и работата која ја вршите.** Користењето на електричниот алат за други намени може да доведе до опасни ситуации.
- **Рачките и површините за држење одржувајте ги суви, чисти и неизмастени.** Рачките и површините за држење што се лизгаат не овозможуваат безбедно ракување и контрола на алатот во непредвидливи ситуации.

**Сервисирање**

- **Електричниот алат сервисирајте го кај квалификувано лице кое користи само идентични резервни делови.** Со ова се овозможува безбедно одржување на електричниот алат.

### Безбедносни напомени за површински и аголни глодалки

- **Држете го електричниот алат за изолираната површина, бидејќи сечилото може да дојде во контакт со својот кабел.** Сечењето на жица „под напон“ може да ги изложи металните делови на електричниот алат „под напон“ и операторот може да добие струен удар.
- **Користете менгеме или некој друг практичен начин за да го обезбедите и прицврстите делот што се обработува на стабилна површина.** Доколку го држите делот што се обработува со рака или го наслоните на вас, тој ќе биде нестабилен и може да изгубите контрола.
- **Дозволениот број на вртежи на глодалките мора да биде најмалку исто толку висок како највисокиот број на вртежи наведен на електричниот алат.** Глодалките кои се вртат побрзо од дозволеното може да се скршат и да летнат од алатот.
- **Глодалките или другата опрема мора точно да одговараат на прифатот за алат (затезната чаура) на Вашиот електричен алат.** Алатите за вметнување што не може точно да се прицврстат во прифатот за алат на електричниот алат, се вртат нерамномерно, вибрираат многу јако и може да доведат до губење на контролата.
- **Ставете го електричниот алат само кога е вклучен на делот што се обработува.** Инаку постои опасност од повратен удар, доколку алатот што се вметнува се заглави во делот што се обработува.
- **Не посегајте со дланките во полето на глодање и во глодалката. Со другата рака држете ја дополнителната дршка.** Доколку со двете дланки ја држите глодалката, нема да може да се повредите.
- **Не глодајте никогаш над метални предмети, клинци и шрафови.** Глодалката може да се оштети и да доведе до зголемени вибрации.
- **Користете соодветни уреди за пребарување, за да ги пронајдете скриените електрични кабли или консултирајте се со локалното претпријатие за снабдување со електрична енергија.** Контактот со електрични кабли може да доведе до пожар и струен удар. Оштетувањето на гасоводот може да доведе до експлозија. Навлегувањето во водоводни цевки предизвикува оштетување и може да предизвика електричен удар.
- **Не користете тапи или оштетени глодалки.** Тапите или оштетените глодалки предизвикуваат зголемено триење, може да се заглават и да доведат до нерамнотежа.
- **Почекајте додека електричниот алат сосема не прекине со работа, пред да го тргнете настрана.** Алатот што се вметнува може да се блокира и да доведе до губење контрола над уредот.
- **При работата, држете го електричниот алат цврсто со двете дланки и застанете во сигурна положба.** Со електричниот алат посигурно ќе управувате ако го држите со двете дланки.

## Опис на производот и перформансите



**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може

да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

Внимавајте на сликите во предниот дел на упатството за користење.

## Употреба со соодветна намена

Електричниот алат е наменет за глодање на жлебови, рабови, профили и долгнавести отвори на цврста подлога во дрво, пластика и лесни градежни материјали како и за копирно глодање.

При намален број на вртежи и со соодветните глодалки може да обработувате и обоени метали.

## Илустрација на компоненти

Нумерирањето на илустрираните компоненти се однесува на приказот на електричниот алат на графичката страница.

**(1)** Десна рачка (изолирана површина на дршката)

**(2)** Копче за блокирање на вретеното

**(3)** Заштита од струготини

**(4)** Пеперутка-завртка за шина водилка за паралелен граничник (2x)

**(5)** Основна плоча

**(6)** Лизгачка плоча

**(7)** Прифат за водечките прачки на паралелниот граничник

**(8)** Градиран граничник

**(9)** Пеперутка-завртка за подесување на граничникот за длабочина

**(10)** Лизгач со индексна ознака

**(11)** Лева рачка (изолирана површина на дршките)

**(12)** Затезен лост за фиксирање на длабочината на глодање

**(13)** Скала за подесување на длабочината на глодање

**(14)** Граничник за длабочина

**(15)** Скала за фино подесување на длабочина на глодање

**(16)** Вртливо копче за фино подесување на длабочината на глодање (единица за вдлабнување)

**(17)** Копче за контрола на бројот на вртежи

**(18)** Глодалка [a)]

**(19)** Прекинувач за вклучување/исклучување

**(20)** Копче за заклучување и отклучување на прекинувачот за вклучување/исклучување

**(21)** Вилушкаст клуч (17 mm, 24 mm)

**(22)** Навртка за осигурување со затезна чаура

**(23)** Адаптер за всисување (единица за вдлабнување)

**(24)** Завртка со нарецкана глава за адаптерот за всисување (2x)

**(25)** Црево за всисување (Ø 35 mm)[a)]

**(26)** Адаптер за всисување (единица за копирање)[a)]

**(27)** Меѓупрстен за адаптер за всисување[a)]

**(28)** Паралелен граничник

**(29)** Пеперутка-завртка за грубо подесување на паралелниот граничник

**(30)** Водечка прачка за паралелниот граничник

**(31)** Вртливо копче за фино подесување на паралелниот граничник

**(32)** Клин за центрирање

**(33)** Подеслива шина со граничник за паралелниот граничник

**(34)** SDS-адаптер за копирна чаура

**(35)** Шраф за прицврстување за адаптерот на копирната чаура (2x)

**(36)** Лост за деблокирање на адаптерот на копирната чаура

**(37)** Копирна чаура

**(38)** Единица за вдлабнување

**(39)** Завртка за прицврстување на лизгачката плоча

**(40)** Трн за центрирање[a)]

**(41)** Капак за всисување за обработка на рабови

**(42)** Водечко тркало[a)]

a) **Опишаната опрема прикажана на сликите не е дел од стандардниот обем на испорака.**

## Технички податоци

| **Површинска глодалка** | | **GOF 20-12** |
|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 F27 2..** |
| Номинална јачина | W | 2000 |
| Број на вртежи во празен од | $min^{-1}$ | 10000-25000 |
| Одредување број на вртежи | | ● |
| Константна електроника | | ● |
| Приклучок за всисувачот за прав | | ● |
| Компатибилни затезни чаури | mm<br>инчи | 8–12<br>¼–½ |
| Подигање на корпата на глодалката | mm | 80 |
| Тежина[A)] | kg | 6,3 |
| Класа на заштита | | ⧈ / II |

A) Без струен кабел

Податоците важат за номинален напон [U] од 230 V. Овие податоци може да отстапуваат при различни напони, во зависност од изведбата во односната земја.

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

### Информации за бучава/вибрации

Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN 62841-2-17**.

Нивото на звук на електричниот алат оценето со A типично изнесува: ниво на звучен притисок **97** dB(A); ниво на звучна јачина **105** dB(A). Несигурност K = **3** dB.

**Носете заштита за слухот!**

Вредности на вибрации $a_h$ (континуирани вибрации), $p_F$ (повторени ударни вибрации) и несигурност K утврдени според **EN 62841-2-17**:

$a_h$ = **4,0** m/s² (K = **1,5** m/s²), $p_F$ = **199** m/s² (K = **27** m/s²)

Нивото на вибрации наведено во овие упатства и вредноста на емисијата на бучава се измерени според мерни постапки и можат да се користат за споредба меѓу електрични алати. Исто така може да се прилагоди за предвремена процена на нивото на вибрации и емисијата на бучава.

Наведеното ниво на вибрации и вредноста на емисијата на бучава ги претставуваат главните примени на електричниот алат. Доколку електричниот алат се користи за други примени, алатот што се вметнува отстапува од нормите или недоволно се одржува, нивото на вибрации и вредноста на емисијата на бучава можат да отстапуваат. Ова може значително да го зголеми нивото на вибрации и емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

За прецизно одредување на нивото на вибрации и емисијата на бучава, треба да се земе предвид периодот во кој уредот е исклучен или работи, а не во моментот кога е во употреба. Ова може значително да го намали нивото на вибрации и емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

Утврдете ги дополнителните мерки за безбедност за заштита на корисникот од влијанието од вибрациите, како на пр.: одржување на електричните алати и алатите за вметнување, одржување на топлината на дланките, организирање на текот на работата.

## Монтажа

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

### Вметнување на глодалката (види слика A)

▶ **При ставање и менување на глодалката се препорачува носење на заштитни ракавици.**

Според целта на примената, глодалките се достапни во најразлична изведба и квалитет.

**Глодалките од висококвалитетен челик за брзо сечење (HSS)** се погодни за обработка на меки материјали како на пр. меко дрво и пластика.

**Глодалките за сечење на цврст метал (HM)** се специјално наменети за цврсти и абразивни материјали како на пр. цврсто дрво и алуминиум.

Оригиналните глодалки од обемната програма на опрема од Bosch ќе ги најдете во специјализираните продавници.

Употребувајте само беспрекорни и чисти глодалки.

Ако е можно, користете глодалка со дијаметар на вратило од **12** mm.

Може да ја смените глодалката кога моторот за глодање е вметнат во единицата за вдлабнување/единицата за копирање. Сепак, препорачуваме да ги менувате алатките со расклопен моторот за глодање.

- Извадете го моторот за глодање од единицата за вдлабнување/единицата за копирање.
- Притиснете го копчето за блокада на вретеното **(2)** (❶) и држете го цврсто. Доколку е потребно, свртете го вретеното малку со рака додека не се вклопи.
  **Копчето за блокирање на вретеното (2) активирајте го само во состојба на мирување.**
- Алтернативно, може исто така да го заклучите вретеното со дополнителен вилушкаст клуч.
- Цврсто затегнете ја претурната навртка **(22)** со вилушкаст клуч **(21)** (ширина на клучот 17 mm и 24 mm) со вртење во спротивен правец на стрелките на часовникот (❷).
- Ставете го алатот за глодање во затезната чаура. Вратилото на глодалката мора да биде вметнато најмалку **20** mm во затезната чаура.
- Цврсто затегнете ја претурната навртка **(22)** со вилушкаст клуч **(21)** (ширина на клучот 17 mm и 24 mm) со вртење во правец на стрелките на часовникот. Ослободете го копчето за заклучување на вретеното **(2)** или отстранете го дополнителниот вилушкаст клуч.

▶ **Без монтирана копирна чаура, не поставувајте глодалка со дијаметар поголем од 50 mm.** Овие алати за глодање не поминуваат низ основната плоча.

▶ **Во никој случај не ја затегајте затегнувачката чаура со навртка за осигурување, доколку не е монтирана глодалка.** Инаку, затегнувачката чаура може да се оштети.

### Всисување на прав/струготини

Избегнувајте да работите без мерки за намалување на прашината. Соодветен уред за всисување прав ја намалува количината на прав што е опасна по здравјето. Погрижете се за добра проветреност на работното место. Секогаш користете соодветна респираторна заштита. Затоа, доколку е возможно, користете соодветен всисувач за прав за материјалот што се обработува. Внимавајте на важечките прописи на Вашата земја за материјалот кој го обработувате.

▶ **Избегнувајте собирање прав на работното место.** Правта лесно може да се запали.

| **Барања за всисувачот** | | |
| --- | --- | --- |
| Препорачан номинален дијаметар на цревото | mm | **35** |
| Потребен потпритисок[A)] | mbar<br>hPa | ≥ **230**<br>≥ **230** |

| **Барања за всисувачот** | | |
|---|---|---|
| Потребна количина на проток[A)] | l/s<br>$m^3/h$ | ≥ **36**<br>≥ **129,6** |
| Препорачана ефикасност на филтерот | | Класа на прашина M[B)] |

A) Вредност на моќноста на приклучокот за всисување на електричниот алат

B) Според IEC/EN 60335-2-69

Следете го упатството на всисувачот. Престанете да работите кога ќе се намали моќноста на всисување и отстранете ја причината.

#### Монтирање на адаптер за всисување на единицата за вдлабнување (види слика B)

Адаптерот за всисување **(23)** може да се монтира нанапред или наназад со помош на приклучокот за црево.

Со вметнат адаптер на копирната чаура **(34)** можеби ќе треба да го свртите адаптерот на копирната чаура за 180° за адаптерот за всисување **(23)** да не го допира лостот за отклучување **(36)**.

Прицврстете го адаптерот за всисување **(23)** со 2 завртки со нарецкана глава **(24)** на основната плоча **(5)**.

Заради обезбедување на оптимално всисување, адаптерот за всисување **(23)** мора редовно да се чисти.

#### Монтирање на адаптер за всисување (опрема) на единицата за копирање (види слика C)

Адаптерот за всисување **(26)** може да се монтира нанапред или наназад со помош на приклучокот за црево.

При вметнат адаптер на копирната чаура **(34)** прицврстете го адаптерот за всисување **(26)** со 2 завртки со нарецкана глава **(24)** на основната плоча **(5)**. Кај работа без адаптер на копирна чаура **(34)** монтирајте го претходно меѓупрстенот **(27)** на адаптерот за всисување **(26)**, како што е прикажано на сликата.

#### Приклучување на всисувач за прав

Прикачете го цревото за всисување (Ø 35 mm) **(25)** (опрема) на монтираниот адаптер за всисување. Поврзете го цревото за всисување **(25)** со всисувач за прав (опрема).

Електричниот алат може да се приклучи директно на приклучницата на **Bosch**-универзален всисувач со уред за далечинско вклучување. Тој веднаш ќе стартува при вклучување на електричниот алат.

Всисувачот за прав мора да е соодветен на материјалот што се обработува.

При всисување на особено опасни по здравје, канцерогени или суви честички прав, користете специјален всисувач.

### Монтирање на заштитата од струготини (види слика D)

Поставете ја заштитата од струготини **(3)** од напред во водилката, додека не се вклопи. За да ја извадите заштитата од струготини, фатете ја странично и извлечете ја нагоре.

## Употреба

▶ **Внимавајте на електричниот напон!** Напонот на струјниот извор мора да одговара на оној кој е наведен на спецификационата плочка на електричниот алат.

### Ставање во употреба

#### Бирање на бројот на вртежи

Со вртливото копче на бројот на вртежи **(17)** може да го изберете потребниот број на вртежи и за време на користењето на алатот.

| | |
|---|---|
| 1–2 | Низок број на вртежи |
| 3–4 | Среден број на вртежи |
| 5–6 | Висок број на вртежи |

Прикажаните вредности во табелата се референтни вредности. Неопходниот број на вртежи зависи од материјалот и работните услови и може да се одреди при практична примена.

| Материјал | Дијаметар на глодалката [mm] | Позиција на вртливото копче за подесување |
|---|---|---|
| Цврсто дрво (бука) | 4–10<br>12–20<br>22–40 | 5–6<br>3–4<br>1–2 |
| Меко дрво (бор) | 4–10<br>12–20<br>22–40 | 5–6<br>3–6<br>1–3 |
| Иверки | 4–10<br>12–20<br>22–40 | 3–6<br>2–4<br>1–3 |
| Пластика | 4–15<br>16–40 | 2–3<br>1–2 |
| Алуминиум | 4–15<br>16–40 | 1–2<br>1 |

По подолго работење со мал број на вртежи, за да го оладите електричниот алат оставете го да се врти во празен од околу 3 минути со максимален број на вртежи.

#### Вклучување/исклучување

Пред вклучувањето, поставете ја длабочината на глодање.

За **вклучување** на електричниот алат кратко притиснете го копчето за заклучување и отклучување на прекинувачот за вклучување/исклучување **(20)**, потоа притиснете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(19)** и задржете го.

За **заклучување** на електричниот алат, вклучете го електричниот алат и притиснете го копчето за заклучување и отклучување на прекинувачот за вклучување/исклучување **(20)**. Прво отпуштете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(19)** потоа

притиснете го копчето за заклучување и отклучување за прекинувачот за вклучување/исклучување **(20)**.

За да го **исклучите**, електричниот алат, ослободете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(19)** одн. доколку тој е блокиран со копчето за фиксирање **(20)** кратко притиснете го прекинувачот за вклучување/исклучување **(19)** и потоа отпуштете го.

**Константна електроника**

Константната електроника држи постојан број на вртежи при празен од и оптоварување и овозможува иста постојана јачина при работењето.

**Фин старт**

Електронскиот фин старт го ограничува вртежниот момент при вклучување и го зголемува рокот на траење на моторот.

## Подесување на длабочината на глодање (види слика E)

Подесувањето на длабочината на глодање смее да се врши само доколку електричниот алат е исклучен.

За грубо подесување на длабочината на глодање постапете на следниот начин:

- Електричниот алат со монтирана глодалка поставете го на делот што се обработува.
- Градираниот граничник **(8)** поставете го на најнизок степен; се слуша кога градираниот граничник ќе се вклопи.
- Олабавете ја пеперутка-завртката на граничникот за длабочина **(9)**, така што тој **(14)** ќе може слободно да се движи.
- Притиснете го затезниот лост за фиксирање на длабочината на глодање **(12)** во правец на вртење ❶ и водете ја површинската глодалка надолу, додека глодалката **(18)** не ја допре површината на делот за обработување. Повторно отпуштете го затезниот лост за фиксирање на длабочината на глодање **(12)** за да ја фиксирате оваа длабочина на вдлабнување. Доколку е потребно, притиснете го затезниот лост за фиксирање на длабочината на глодање **(12)** во правец на вртење ❷, за трајно да го фиксирате.
- Притиснете го граничникот за длабочина **(14)** надолу, додека не легне на градираниот граничник **(8)**. Лизгачот со индексна ознака **(10)** поставете го на позиција **0** на скалата за длабочина на глодање **(13)**.
- Поставете го граничникот за длабочина **(14)** на саканата длабочина за глодање и зацврстете ја пеперутка-завртката на граничникот за длабочина **(9)**. Внимавајте на тоа, лизгачот со индексната ознака **(10)** да не го поместувате повеќе.
- Притиснете го затезниот лост за фиксирање на длабочината на глодање **(12)** во правец на вртење ❶ и водете ја површинската глодалка во најгорната позиција.

При големи длабочини на глодање треба да се направат повеќе процеси на обработка со помало вадење струготини. Со помош на градираниот граничник **(8)** може да го поделите процесот на глодање на повеќе степени. Притоа, подесете ја саканата длабочина на глодање со најнизок степен на градираниот граничник и за првиот процес на обработка изберете го највисокиот степен.

По пробата за глодање, со вртење на вртливото копче **(16)** можете да ја подесите длабочината на глодање точно на саканите димензии; свртете во правец на стрелките на часовникот за зголемување на длабочината на глодање, а за намалување на длабочината на глодање свртете во правец спротивен на стрелките на часовникот. Скалата **(15)** служи за ориентација. Едно вртење одговара на должина на подесување од 1,5 mm, една од цртичките на горниот раб на скалата **(15)** одговара на промена на должината на подесувањето за 0,1 mm. Максималната должина на подесување изнесува ±16 mm.

## Совети при работењето

▶ **Заштитете ги алатите за глодање од удари.**

**Правец и процес на глодање (види слика F)**

▶ **Процесот на глодање секогаш мора да се извршува спроти правецот на ротација на глодалката (18) (спротивен тек).** При глодање во правец на ротација (ист тек) електричниот алат може да ви избега од раката.

**Глодање со единица за вдлабнување**

Поставете ја саканата длабочина на глодање.

Електричниот алат со монтирана глодалка поставете го на делот за обработување и вклучете го.

Притиснете го лостот за деблокирање за функцијата на вдлабнување  надолу и полека водете ја површинската глодалка надолу, додека не се постигне подесената длабочина на глодање. Повторно отпуштете го лостот за деблокирање  за да ја фиксирате оваа длабочина на вдлабнување.

Процесот на глодање вршете го со константна брзина.

По завршувањето на процесот на глодање, вратете ја површинската глодалка во најгорна позиција.

По глодањето исклучете го електричниот алат.

**Глодање со единица за копирање**

Поставете ја саканата длабочина на глодање.

Вклучете го електричниот алат и водете го по местото што треба да се обработи.

Процесот на глодање вршете го со константна брзина.

Исклучете го електричниот алат.

▶ **Не го оставајте електричниот алат на страна, додека глодалката не дојде во состојба на мирување.** Електричните алати кои не се во состојба на мирување може да предизвикаат повреди.

**Глодање со помошен граничник (види слика G)**

За обработка на големи делови на пример кај глодалки за жлебови, како помошен граничник на делот за обработување може да прицврстите една даска или лајсна и да ја водите мултифункционалната глодалка по должината на помошниот граничник. При користење на

единицата за вдлабнување **(38)** водете ја мултифункционалната глодалка на израмнетата страна на лизгачката плоча по должината на помошниот граничник.

**Обликување и глодање на рабови**

При обликување и глодање на рабови без паралелен граничник, глодалката мора да биде опремена со чивии-водилки или куглично лежиште.

Водете го вклучениот електричен алат странично на делот што се обработува, додека чивиите-водилки или кугличното лежиште на глодалката не налегне на работ од делот што се обработува.

Водете го електричниот алат по работ на делот за обработка. Притоа внимавајте на точниот агол при потпирањето. Преголемиот притисок може да го оштети работ на делот што се обработува.

**Глодање со паралелен граничник (види слики H и I)**

Вметнете го паралелниот граничник **(28)** со водечките прачки **(30)** во основната плоча **(5)** и цврсто затегнете го со завртките **(4)** соодветно на потребните димензии.

Со пеперутка-завртките **(29)** и може дополнително да ја подесите должината на паралелниот граничник.

Со вртливото копче **(31)** по олабавување на двете пеперутки-завртки **(29)** може фино да ја подесите должината. Едно вртење одговара на должина на подесување од 2,0 mm, една од цртичките на вртливото копче **(31)** одговара на промена на должината на подесувањето за 0,1 mm. Проверете дали врвот на клинот за центрирање **(32)** влегува во површината на материјалот.

Со помош на шината-граничник **(33)** може да ја промените ефективната контактна површина на паралелниот граничник.

Водете го вклучениот електричен апарат со рамномерно движење и страничен притисок на паралелниот граничник по должината на работ од делот што се обработува.

**Глодање со водечко тркало (видете слика J)**

Монтирајте го водечкото тркало **(42)**, како што е прикажано на сликата.

Ставете го водечкото тркало на работ на плоча.

**Глодање со копирната чаура (види слики K-L)**

Со помош на копирната чаура **(37)** може да пренесувате контури од нацрти одн. шаблони на делот за обработување.

Според дебелината на шаблонот одн. нацртот одберете ја соодветната копирна чаура. Бидејќи висината на копирната чаура стрчи, шаблонот мора да има минимална дебелина од 8 mm.

За да се користи копирната чаура **(37)** најпрво мора да се вметне SDS-адаптерот на копирната чаура **(34)** во лизгачката плоча **(6)**.

Поставате го адаптерот за копирната чаура **(34)** од горе на лизгачката плоча **(6)** и завртете ги со 2 завртки за прицврстување **(35)**. Внимавајте на тоа, лостот за деблокирање за адаптерот за копирната чаура **(36)** да може слободно да се движи.

Вметнете го лостот за деблокирање **(36)** во правец на стрелката и ставете ја копирната чаура **(37)** од долу во SDS-адаптерот за копирна чаура **(34)**. Кодираните запци мора цврсто да се вметнат во отворите на копирната чаура **(37)**.

Проверете го растојанието од средината на глодалката и работ на копирната чаура (види „Центрирање на основната плоча (види слика **N**)", Страница 13).

▶ **Изберете помал дијаметар на глодалката од внатрешниот дијаметар на копирната чаура.**

**Процес на глодање**

**Напомена:** Земете во предвид дека глодалката **(18)** секогаш е издадена над основната плоча **(5)**. Не го оштетувајте шаблонот или делот што се обработува.

Водете го вклучениот електричен алат со копирната чаура **(37)** на шаблонот.

При користење на единица за вдлабнување **(38)**: Притиснете го лостот за деблокирање за функцијата на вдлабнување надолу и полека водете ја површинската глодалка надолу, додека не се постигне подесената длабочина на глодање. Повторно отпуштете го лостот за деблокирање за да ја фиксирате оваа длабочина на вдлабнување.

Водете го електричниот алат со копирната чаура што стрчи **(37)** со страничен притисок по должината на шаблонот.

**Центрирање на основната плоча (види слика N)**

За да е подеднакво исто растојанието од средината на глодалката до работ на копирната чаура **(37)** доколку е потребно копирната чаура и лизгачката плоча **(6)**, може да се центрираат една кон друга.

При користење на единица за вдлабнување **(38)**: Притиснете го лостот за деблокирање за функцијата на вдлабнување надолу и полека водете ја површинската глодалка надолу, додека не се постигне подесената длабочина на глодање. Повторно отпуштете го лостот за деблокирање за да ја фиксирате оваа длабочина на вдлабнување.

Олабавете ги завртките за прицврстување **(39)** за околу 2 вртења, така што лизгачката плоча **(6)** ќе може слободно да се движи.

Поставете го трнот за центрирање **(40)** во прифатот за алат како што е прикажано на сликата. Рачно зацврстете ја претурната навртка, така што трнот за центрирање сѐ уште може слободно да се движи.

Центрирајте ги трнот за центрирање **(40)** и копирната чаура **(37)** еден со друг, со лесно поместување на лизгачката плоча **(6)**.

Повторно затегнете ги завртките за прицврстување **(39)**.

Извадете го трнот за центрирање **(40)** од прифатот за алат.

При користење на единица за вдлабнување **(38)**: Притиснете го лостот за деблокирање за функцијата за

вдлабнување  и водете ја површинската глодалка во најгорната позиција.

**Глодање со капак за всисување (види слики O–P)**

За обработка на рабови може да го користите дополнително капакот за всисување **(41)**.

Прицврстете го капакот за всисување **(41)** со 2 завртки на основната плоча **(5)**. Капакот за всисување **(41)** може да се прицврсти во 3 различни позиции, како што е прикажано на сликата.

За обработка на рамни планарни површини извадете го капакот за всисување.

Користете го FSN-OFA адаптерот (1 600 Z00 00G).

## Одржување и сервис

### Одржување и чистење

- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**
- ▶ **Одржувајте ја чистотата на електричниот апарат и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**
- ▶ **При екстремни услови на примена, доколку е возможно секогаш користете уред за вшмукување. Чистете ги почесто отворите за проветрување со една четка и приклучете заштитен прекинувач за диференцијална струја (PRCD).** При обработка на метали, во внатрешноста на електричниот алат може да се собере спроводлива прав. Може да се оштети заштитната изолација на електричниот алат.

Доколку е потребно користење на приклучен кабел, тогаш набавете го од **Bosch** или специјализирана продавница за **Bosch**-електрични алати, за да избегнете загрозување на безбедноста.

### Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**

Тел.: 02/ 246 76 10

Линкот до нашите адреси за сервис и гарантни услови може да ги најдете на последната страница.

За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

### Отстранување

Електричните алати, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.



Не ги фрлајте електричните алати во домашната канта за отпадоци!

**Само за земјите од ЕУ:**

Електричната и електронската опрема што веќе не е употреблива мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.



| | |
|---|---|
| 6 mm | 2 608 570 103 |
| 1/4" | 2 608 570 104 |
| 8 mm | 2 608 570 105 |
| 10 mm | 2 608 570 125 |
| 3/8" | 2 608 570 106 |
| 12 mm | 2 608 570 107 |
| 1/2" | 2 608 570 108 |



2 609 200 145 (L = 0,8 m)



| | |
|---|---|
| 13 mm | 2 609 200 138 |
| 16 mm | 2 609 000 471 |
| 17 mm | 2 609 200 139 |
| 24 mm | 2 609 200 140 |
| 27 mm | 2 609 200 141 |
| 30 mm | 2 609 200 142 |
| 40 mm | 2 609 200 312 |



2 607 001 387



1 600 Z00 03X



8 mm
12 mm
1/4"
1/2"

2 608 000 498



1 600 A00 11C



1 619 PS3 846



1 600 A00 1FB



2 617 017 128



1 600 Z00 005 (800 mm)
1 600 Z00 006 (1100 mm)
1 600 Z00 00F (1600 mm)
1 600 Z00 007 (2100 mm)
1 600 Z00 008 (3100 mm)



1 600 Z00 03V (800 mm)
1 600 Z00 03W (1600 mm)



1 619 PS3 865



1 600 Z00 00G



(Metric)
2 608 190 063



(Inch)
2 608 190 064



1 619 PS3 851



1 619 PS3 850



1 619 PS3 849



2 610 041 329


Ø 28 mm:
2 608 000 772 (3.2 m)
GAS 18V-12 MC
Ø 28 mm:
2 608 000 885 (4 m)
GAS 12-40 MA
GAS 35 M AFC
GAS 55 M AFC
Ø 22 mm:
2 608 000 567 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 565 (5 m)
ANTISTATIC
Ø 22 mm:
2 608 000 568 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 566 (5 m)

Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202601